УП бр. 10-61
30.09.2020

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10, 136/11,41/14, 53/16 и 83/18) и член 124 од Законот за општата управана постапка („Службен весник на Република Македонија,, бр. 125/15), а постапувајќи по предлогот за огласување на решение за ништовно доставен од страна на Министерството за економија, на седница одржана на 30.09.2020 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1. Предлогот Уп.бр. 10-61 од 21.09.2020 година (бр. 18-2710/3 од 18.09.2020 година) на Министерството за економија за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 10-61 од 22.06.2020 година, СЕ ПРИФАЌА.

2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 10-61 од 22.06.2020 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ ИСТОТО ВООПШТО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ.

## Образложение

Министерството за економија на ден 18.09.2020 година достави допис до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) да го огласи за ништовно Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 10-61 од 22.06.2020 година.

Во дописот бр. 18-2710/3 од 18.09.2020 година (Наш бр. 10-61 од 21.09.2020 година) Министерството за економија наведува дека Предлог Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид – 19 иако беше доставена до Комисијата за оценување и одлучување по истата, сепак таквата Програма за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид -19 воопшто не беше донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија. Причината за недонесување на Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид-19 од страна на Владата на Република Северна Македонија според Министерството за економија е поради забелешките на Секретаријатот за законодавство во насловот на програмата, бидејќи истиот има основ во називот со постојната Програма за конкурентност, иновации и претприемништво.

Поради горенаведената причина Министерството за економија во дописот наведува дека се во фаза на подготвување на измени на Програмата за конкурентност,

иновации и претприемништво која ќе содржи нови мерки, и таквите измени се во постапка на одобрување од страна на Владата на Република Северна Македонија.

По разгледување на предлогот на Министерството за економија за огласување на Решението на Комисијата за ништовно, Комисијата утврди дека:

Комисијата со Решение бр. 10-61 од 22.06.2020 година утврди дека Предлог Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид-19 претставува шема на помош согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10).

Доделувањето на средствата (субвенциите) наменети за реализација на мерките од Предлог Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид-19 претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош и доделувањето на истата е дозволено како помош за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош.

Со Предлог Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид -19 според Комисијата се има за цел со финансиска поддршка да им се помогне на деловните субјекти заради нивната влошена деловна состојба како резултат на пандемијата Ковид-19, одржување на нивните деловни потфати, стабилизирање на нивната деловна активност и зајакнување/зголемување на конкурентноста на деловните субјекти.

Бидејќи за имплементирање на мерките содржани во предложената Предлог Програма за конкурентност, иновации и претприемништво Ковид-19 не се доделени финансиски средства заради недонесувањето на горенаведената Предлог- Програма од страна на Владата на Република Северна Македонија, а тоа како резултат на доставените забелешки од страна на Секретаријатот за законодавство, Комисијата ова го прифаќа како причина заради која Решението на Комисијата Уп.бр. 10-61 од 22.06.2020 година воопшто не може да се изврши и истото го огласува за НИШТОВНО.

Врз основа на горенаведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**